

# Зоран Арсовски



Зоран Арсовски е роден 1980 во Куманово.
Дипломирал на Националната ликовна академија во Софија во 2005.
Магистрирал 2007 на истата академија во класата на проф. Божидар Бојаџиев и проф. Станислав Памукчиев.

Учествувал на повеќе меѓународни групни изложби и ликовни колонии во земјава и странство.

Живее и работи во Куманово. Адреса: ул. "Димитрие Туцовиќ" бр.5, Куманово
E-mail: zoranars@gmail.com



"Кругот на мистичните звуци"
110x90, масло на платно, 2007



“Апартманот на залутаните“
110x90, масло на платно, 2006



“Јуле“
110x83, масло на платно, 2005



“Инспиративниот агол“
110x90, масло на платно, 2007



“Бегство“
110x90, масло на платно, 2007



“Предозираност“
100x81, масло на платно, 2005



“Меланхолија во населбата“
110x90, масло на платно, 2007








"Авантуристички доживувања"
110x90, масло на платно, 2006

"Заедно"
110x90, масло на платно, 2006

"Краток одговор"
110x90, масло на платно, 2006



“Записи I“
40x46, комбинирана техника, 2008



“Тврдини на спокојот“
47x55, комбинирана техника, 2009



“Записи II“
40x46, комбинирана техника, 2008



"Централа"
43x50, комбинирана техника, 2008



"Освојувач"
50x43, комбинирана техника, 2008



"Полноќен набљудувач"
50x63, комбинирана техника, 2008

Конципирајќи ја својата прва самостојна изложба како збирка од дела коишто говорат со еден сликарски полилингвизам, притоа демонстрирајќи ги своите креативни можности и широки техничко-изведбени познавања, Зоран Арсовски на почетокот на својата уметничка кариера прави обид за исчекор со еден пристап кој е невообичаен за младите уметници. Храброста на авторот своето актуелно творештво да го презентира во неколку целини кои меѓусебе навидум не се поврзани може да се разбере како желба за што поцелосна презентација но и како естетска провокација која треба да предизвика полемика.Токму таа интеракција на релацијата уметник-дело-конзумент е основната идеја на Зоран Арсовски, почетна точка во неговото творештво и завршна одредница во неговата реализација. Во претставената ликовна продукција не постои дело кое не раскажува некоја приказна или промовира некоја идеја од секојдневниот живот, мисловното е секогаш пред насликаното и тоа последователно и перманентно се материјализира во сликарските артефакти на Зоран Арсовски. Тие и покрај различните ликовно-стилски јазици говорат за една идеја - обидот на авторот да партиципира во визуеното разбирање на светот. Во неговото сликарство нема непотребни детали, декоративни елементи и нефункционални површини, фокусот е ставен на максимално искористување на површината на сликарското платно со елементи кои директно треба да ја потенцираат основната идеја на авторот. Вообичаено е потенцирањето на неколку елементи во кои носечка фигура е човекот претставен реално (во фигуралната целина) или во експресионистичко-асоцијативен манир (во сликите во кои внесува несликарски материјали ), како и креирање на атмосфера со помош на колоритот (во апстрактно-експресивните целини). Кога сме кај фигуралниот пристап кај Зоран Арсовски треба да ја истакнеме неговата способност за филмска нарација кадешто успева со мал број елементи да раскаже цела сторија (Бегство, Авантуристички доживувања, Заедно, Краток одговор, Предозираност ...), да го глорифицира женското тело без идеализирање (Јуле, Индивидуален простор, Наде), да направи визуелна психоанализа (Меланхолија во населбата, Инспиративниот агол...) и притоа да остане доследен на академските норми во кои ги акцентира: цртежот, светлото и волуменот. Втората поголема целина (Логор, Централа, Полноќен набљудувач...) која се истакнува со посебност се делата работени како симбиоза на сликарство и несликарски материјали, изведени со еден енформелски пристап во кој авторот првенствено е фокусиран на концептот ( третата димензија на сликата, вметнување на отфрлени елементи и нивна редефиниција, антиестетика како говор на предупредување и будење на свеста, внесување на реалните предмети во имагинарниот свет на уметноста, претварање на предмет во идеја...). Користејќи метални жици, ткаенина, камен, песок, шајки и клучеви, поставени на сликарското платно на кое подоцна интервенира со боја, авторот прави спој на реалноста и имагинацијата и добива еден нов микроуниверзум. Како визуелно атрактивни дела се истакнуваат делата (Записи 1 и 2) работени со силикатни материјали, техника со која Зоран Арсовски експериментира. Да ги споменеме и двете слики работени во асоцијативно-експресионистички манир (Предел и Порта) во кои доминира силниот потез и експресивниот колорит разбрани како потреба на авторот за движење во неограничен простор. Сепак, можеби највпечатливо со својата драматика е делото "Почеток и крај" пред се поради извонредниот баланс на формата (сликарското и материјалот во фантастична корелација, ) и содржината (можноста од уништување на светот од метеорски дожд како апел до човештвото за планирање на иднината на планетата). Сликарските дела го збогатуваат духот на човекот, да се надеваме дека тоа ќе го сторат и делата на Зоран Арсовски.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

*Издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово*
*За издавачот: Роберт Павлевски, Организација: Роберт Цветковски, фотографии: м-р Зоран Арсовски, м-р Дејан Арсовски*
*Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски, Куманово 2009, Печати: "Киме-Граф" Куманово, тираж: 350*

*Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија*